**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-119/5**
**Скопје, 20.09.2024 година**

Записник од втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.09.2024 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димириеска ја отвори втората седница на Советот. Констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 2та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Разгледување и одлучување по дисциплинските предмети СОЖ бр.2/20 и СОЖ бр.1/24
3. Номинирање на член на Етичкиот совет.
4. Номинирање на член на Националното координативно тело за имлементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство.
5. Дополнување на Годишен распоред за работата на Советот.
6. Разно.

Јавниот обвинител на РСМ побара дневниот ред да биде изменет со оглед дека истиот не може да присуствува на точката два од дневниот ред бидејќи е државен јавен обвинител и предложи таа точка да биде ставена како последна точка од дневниот ред. Предлогот на јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Вака изменетитот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 1-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека член на Етичкиот совет досега бил г-дин Антонио Јолевски и поради престанокот на мандатот како член на Советот, Советот треба да номинира нов член на Етичкиот совет. За член на Етичкиот совет, претседателот на Советот ја предложи г-ѓа Марјана Илиеска. Предлогот на претседателот на Советот на јавните обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриеска едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за член на Етичкиот совет од редот на јавните обвинители членови на Советот на јавните обвинители на РСМ се назначува г-ѓа Марјана Илиеска.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да номинира член на Националното координативно тело за имлементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство. Воедно за член на ова тело ја предложи г-ѓа Кети Петкова. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за член на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство се назначува г-ѓа Кети Петкова.**

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека треба да се направи измена и дополнување на распоредот за работа на членовите н Советот, поради престанокот на мандатот на членот на Советот г-дин Антонио Јолевски, Советот треба да назначи нов координатор за подрачјето на ВЈО Скопје. За нов координатор за подрачјетот на ВЈО Скопје се назначи г-ѓа Марјана Илиеска.

Пред да се помине на точката пет од дневниот ред, Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски ја напушти седницата на Советот. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради заштита на угледот на јавните обвинители против кои се водат дисциплинските постапки предложи јавноста да ја напушти седницата. Воедно предлогот го стави на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот, по што јавноста ја напушти седницата. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска и даде збор на известувачот по дисциплинскиот предмет СОЖ бр.2/20 г-ѓа Кети Петкова.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека овој предмет се води согласно правилата и Правилникот за водење на дисциплинска постапка кој бил на сила во 2008 година, а согласно новиот Правилник кој што е сега на сила постапките кои биле започнати по стариот Правилник ќе се водат согласно тој Правилник. Истакна дека сите членови на Советот имале можност да го разгледаат предметот. Кажа дека согласно тогашниот Правилник немало Комисија туку имало известител кој ќе ги запознае членовите на Советот со тековната состојба и со содржината на списите по овој предмет. Г-ѓа Кети Петкова во своето излагање хронолошки се осврна на настанот и кажа дека согласно донесеното решение од страна на Комисијата за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и дисциплинска повреда и

несовесно вршење на функцијата јавен обвинител која донела решение со кое било утврдено дека јавните обвинители Златко Биковски, Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски се одговорни за непревземање на дејствија по предметот од 27 Април. Со ова решение било изречена дисциплинска мерка намалување на плата во износ од 30% во траење од 6(шест) месеци. Воедно кажа дека на ова решение му претходела претходна постапка во која Комисијата имала донесено исто така решение кое што решение по жалба на јавните обвинители и на предлагачот на дисциплинската постапка, а тоа е Јавниот обвинител на РСМ, било расправано во второстепена постапка во Советот на јавните обвинители на РСМ во поранешниот состав, со која што Советот на јавните обвинители на РСМ ги прифатил жалбите на јавните обвинители и донел решение со кое предметот бил вратен на повторно одлучување до Комисијата за утврдување на дисциплинска повреда. Воедно кажа дека во тогашното решение изготвено до страна на Советот било дадено напатствие со кое се бара да бидат преиспитани сите докази и факти и да се утврди дали предлогот за поведување на дисциплинска постапка е навремено поднесен. Потенцираше дека јавните обвинители во своите жалбени наводи посебно ставиле акцент на ненавременоста на предлогот на Јавниот обвинител на РСМ за поведување на дисциплинска постапка, од причина што истиот бил поднесен по истекот на субјективниот рок од 30 дена од денот на дознавањето за сторената повреда кој рок согласно тогашниот закон бил определен. Исто така членовите на Советот ги запозна со содржината на службените белешки кои биле составени од страна на јавните обвинители и кажа дека истите биле доставени до ВЈО Скопје, а потоа истите биле доставени и до ЈОРСМ. Кажа дека Советот треба да ја испита навременоста на предлогот за поведувањето на дисциплинската постапка и е со мислење дека сите докази кои се цитирани се сметаат за дописи - известувања од причина што ЈОРСМ е тело кое што без оглед кој е на чело ги имало на увид сите службени белешки и со неповедувањето на дисциплинска постапка во рокот од 30 дена од денот кога дознале предлогот кој бил поднесен во месец Мај 2018 година е ненавремено поднесен. Воедно кажа дека има и нов елемент каде што во меѓувреме јавниот обвинител Гордана Ѓешкоска поради исполнување на услови за старосна пензија и престанала функцијата јавен обвинител и по однос на истата дисциплинската постапка треба да се запре. Воедно даде свој предлог Советот на јавните обвинители на РСМ да ги уважи жалбите на јавните обвинители Златко Бикоски и Јован Цветаноски и решението на дисциплинската Комисија да се преиначи и да гласи: СЕ ЗАПИРА дисциплинската постапка поднесена од страна на Јавниот обвинител на РСМ поради ненавремено поведување на дисциплинска постапка. За јавниот обвинител Гордана Ѓешкоска кажe дека ќе треба да се донесе одлука дека се запира дисциплинската постапка поради престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, а во однос на жалбата на Јавниот обвинител истата треба да се смета како безпредметна.

Збор зема г-ѓа Светлана Жупаноска која кажа дека иако Советот веќе има постапувано по жалба и притоа предметот бил вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепената Комисија за да утврди дали предлогот за поведување на дисциплинската постапка е навремено поднесен, од страна на Комисијата и по втор пат кога одлучувала по предметот, тоа не е сторено. Смета дека Советот од самиот почеток на разгледување на предметот треба ова да го разјасни. Притоа го искажа своето мислење дека по извршениот увид во списите на дисциплинскиот предмет, утврдила дека предлогот за поведување на дисциплинска постапка е ненавремено поднесен, односно надвор од субјективниот рок согласно законот од 30 дена од дознавањето на повредата, а имајќи ги во предвид сите дописи кои се испратени до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, и тоа

многу порано од тие 30 дена пред денот на поднесувањето на предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Од тие причини се согласи со членот на Советот г-ѓа Кети Петкова дека при постоење на овие околности треба да се донесе решение со кое ќе се запре дисциплинската постапка спрема јавните обвинители Златко Биковски, Јован Цветановски и Гордана Ѓешкоска, со тоа што спрема јавен обвинител Гордана Ѓешкоска која е веќе во пензија, постапката да се запре поради околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинската постапка, а тоа е престанок на функцијата јавен обвинител. По однос на жалбата поднесена од страна на Јавниот обвинител на РСМ, при постоење на овие околности, потребно е да се констатира дека истата е беспредметна.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска накратко ги запозна членовите на Советот со содржината на службените белешки поднесени од страна на јавните обвинители.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја повика јавноста за да земе учество по оваа точка , а во врска со предметот СОЖ бр.2/20.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека Советот постапувајќи по жалбите на јавните обвинители Златко Биковски, Јован Цветановски и Гордана Ѓешкоска, како и по жалбата на Јавниот обвинител на РСМ како овластен предлагач од дискусијата и увидот во списите на предметот и писмените докази го даде следниот предлог: Жалбите на јавните обвинители Златко Биковски и Јован Цветановски да се уважат по повод жалбите, а по службена должност за јавниот обвинител на ОЈО Берово Златко Биковски, јавниот обвинител во ОЈО Скопје Гордана Ѓешковски и јавниот обвинител во ВЈО Скопје Јован Цветановски, решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителска функција А бр.03-521/32 од 12.06.2020 година се преиначува и гласи. Се запира дисциплинската постапка против јавниот обвинител во ВЈО Скопје Јован Цветановски и јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство Берово Златко Биковски поради постоење на околност кои го исклучуваат водењето на дисциплинската постапка, поточно поради ненавременост на предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Се запира дисциплинската постапка против поранешниот јавен обвинител во ОЈО Скопје г-ѓа Гордана Ѓешковска поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинската постапка, а тоа е престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија. Воедно предложи жалбата на Јавниот обвинител на РСМ да се огласи како безпредметна.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска запраша дали некој од членовите на Советот има друг предлог.

Откако никој не зема збор предлогот на г-ѓа Кети Петкова беше ставен на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Г-дин Ермон Незири кажа дека се согласува со донесената одлука од страна на Советот од причина што за настанот и евентуалната повреда се дознало многу порано. Цогласно Законот за Јавното обвинителство од 2008 година, доколку се поведе предлог тој требал да биде поднесен во рок од 30 дена, а во случајот тој е поднесен по истекот на тој рок, што значи дека е ненавремен. За јавниот обвинител Гордана Ѓешковска кажа дека веќе е во пензија со што по автоматизам се запира дисциплинската постапка.

Се помина на дисциплинскиот предмет СОЖ бр. 1/24 и од истите причини претседателот на Советот ја замоли јавноста да ја напушти седницата додека се одлучува по овој дисциплински предмет. Откако јавноста ја напушти седницата, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека за дисциплинскиот предмет СОЖ бр.1/24 била формирана Комисија која изготвила

мислење и истото ќе биде образложено од страна на членот на Советот и воедно претседател на Комисијата г-ѓа Јелена Догазанска Колева.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева ги запозна членовите на Советот со предметот СОЖ бр.1/24 и воедно кажа дека со решение од 26.01.2024 година, јавниот обвинител во ОЈО Скопје, г-дин Расим Дреца бил огласен за одговорен за сторена тешка дисциплинска повреда од член 91 алинеа 8 од Законот за јавното обвинителство и му била изречена дисциплинска мерка намалување на месечна плата во износ од 30% од исплатена нето плата во траење од 6 месеци. Кажа дека јавниот обвинител против решението поднел жалба, по која жалба бил оформен предмет СОЖ бр.1/24. Воедно ги запозна членовите на Советот со содржината на поднесената жалба од страна на јавниот обвинител Расим Дреца, со која јавниот обвинител бара решението да биде укинато како незаконско. Воедно кажа дека Комисијата во Советот по разгледувањето на жалбата и списи во прилог на предметот, како и извршената контрола од страна на ВЈО Скопје било утврдена дека јавниот обвинител по 32 предмета ги немал запазено законските рокови за постапување по кривичните пријави. Посочи дека станува збор за предмети кои датираат од 2013, 2017, 2020 година, каде имало и предмети каде се носела одлука по 6 години од страна на јавниот обвинител. Откако го образложи целиот предмет кажа дека Комисијата дала мислење - жалбата на јавниот обвинител Расим Дреца биде одбиена како неоснована, решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителска функција да се потврди.

Г-дин Ермон Незири кажа дека се работи за сторена тешка дисциплинска повреда и дека јавниот обвинител бил пред разрешување, смета дека Комисијата нашла олеснителни околности при донесувањето на конечната одлука.

Откако никој не зема збор јавноста беше повикана да присуствува на седницата.

Претседателот на Советот на јавните обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека по однос на дисциплинскиот предмет СОЖ бр.1/24 мислењето на Комисијата за постапување по жалби, жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Расим Дреца, против решението за изрекување на дисциплинска мерка А бр.03-407/23 од 25.06.2024 година, на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителска функција да се одбие како неосновано, решението на Комисијата да се потврди. Воедно предлогот беше ставен на гласање.

Едногласно од страна на членовите на Советот предлогот беше усвоен.

Под точка разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се осврна на состојбата со веб страницата на Советот и воедно кажа дека се направени напори за подобрување на истата на која ќе бидат објавувани сите активности на Советот.

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот ја заклучи втората седница на Советот

Записникот го водел
Аспарух Мисајовски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Душица Димитриеска